РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: Радиодифузерите на државно ниво**

**Радиодифузерите на регионално ниво кои емитуваат програма на територијата на Скопје**

Бр.03-5090/1

Скопје 10.11.2017г.

**За: Управителот/одговорниот уредник**

**Предмет: Изборен молк поради прегласување во Општина Чаир**

Почитувани,

Ве потсетуваме дека, поради повторување на гласањето во вториот изборен круг од Локалните избори 2017 година на едно гласачко место во Општина Чаир, **одноќеска на полноќ (11 ноември) започнува молкот кој трае до 19 часот во недела 12 ноември**.

Со оглед на фактот дека вашата програма се гледа, односно се слуша на подрачјето на Скопје, имате обврска да ги почитувате правилата за известување при изборен молк од Изборниот законик, член 76-б став 3, согласно кои медиумите продолжуваат да известуваат за изборите и за текот на гласањето, но не смее да се емитува ниту еден од облиците на изборно медиумско претставување, бидејќи:

„При известувањето во деновите на изборниот молк ќе се смета дека медиумите го прекршиле изборниот молк доколку емитуваат, односно објават какви било информации, фотографии, аудио и аудиовизуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат учесници во изборите; какви било облици на медиумско известување кои се отворено или прикриено во функција на нечија изборна кампања и можат да влијаат врз одлуката на избирачите; податоци со кои го откриваат идентитетот на политичките субјекти и/или на поединци вклучени во инциденти или други неправилности на денот на гласањето како и изјави од кандидати во изборниот процес, од учесниците во изборна кампања, од претставници на политички партии и од носители на функции во органите на власта."

Очекуваме дека, почнувајќи од ноќеска на полноќ, ќе ја прилагодите својата програма за изборниот молк.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**по овластување од директорот**

..............................................................

**м-р Драгица ЉУБЕВСКА**

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009